МРТ
МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

Врз основа на член 124 став 1 алинеја 5 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ.бр.184/13; 13/14, 44/14; 101/14; 132/14; 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24,193/24 и 247/25), и член 43 став 1 алинеја 5 од Статутот на ЈРП МРТ, а во врска со распишаниот Јавен конкурс за избор на Заменик директор на ЈРП МРТ бр. 02-1655/3, објавен на ден 24.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 41-ва седница одржана на ден 08.05.2026 година, ја донесе следнава:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-2365/2
08 -05- 2026 20 год
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА
## за поништување на јавен Конкурс за избор на заменик директор на ЈРП МРТ

I. Се поништува Конкурсот за избор на Заменик директор на ЈРП Македонска радио телевизија по распишаниот јавен конкурс со бр. 02-1655/3 објавен на ден 24.03.2026.
II. Во постапката за избор, ниту еден од пријавените 11 кандидати не доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ.
III. Ќе се распише нов јавен конкурс за избор на Заменик директор на МРТ во рок од 30 дена од денот на донесувањето на оваа одлука.
IV. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа одлука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.03.2026 година се распиша Конкурс за избор на Заменик директор на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ. Во објавениот јавен конкурс беа наведени условите што треба да ги исполнат кандидатите кои ќе аплицираат на јавниот конкурс.

Конкурсот траеше 15 работни денови и беше објавен на програмите на МРТ, на интернет-страницата на МРТ и во два дневни весника во Република Северна Македонија, од кои еден на македонски јазик и еден на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

По завршување на јавниот конкурс и рокот од 15 работни денови, се одржа седница на Програмскиот совет на МРТ и беа разгледани пристигнатите пријави на кандидатите кои аплицирале на јавниот конкурс.

Кандидатите на јавниот конкурс кон пријавата ги приложија соодветните докази за исполнување на условите во посебен коверт (Коверт 1), на кој е наведена шифра избрана од кандидатот. Програмата за работа за мандатниот период за кој се конкурираше беше доставена во одделен коверт (Коверт 2), означен со истата шифра и со назнака „Програма“, без други податоци што овозможуваат идентификација на кандидатот.

По разгледување на доставените програми за работа и по спроведеното гласање од страна на членовите на Програмскиот совет на седницата одржана на 08.05.2026 година, беше утврдено дека еден од кандидатите пријавата ја адресирал за Конкурсот за избор на Заменик на директорот на МРТ, но во шифрираната програма содржи назнака дека се

однесува на Конкурсот за избор на Директор на МРТ. Од тие причини, Програмскиот совет едногласно одлучи таа програма да не биде предмет на понатамошно разгледување и гласање во рамки на постапката за избор на Заменик на директорот на МРТ.

По спроведеното гласање по останатите разгледани програми, беше утврдено дека ниту една од програмите не доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ, со што не е исполнет условот за избор согласно член 64 став 2 од Статутот на ЈРП МРТ.

Согласно Член 64 од Статутот за избран се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ. По извршеното гласање ниту еден од кандидатите не го доби мнозинството гласови, по што гласањето се повтори, согласно став 3 од член 64 од Статутот, при што се гласаше за кандидатите кои добија најголем број гласови. При повтореното гласање повторно немаше кандидат кој доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ, односно повторно не беше исполнет став 2 од член 64 од Статусот на ЈРП МРТ.

Имајќи го предвид наведеното, Програмскиот совет утврди дека не се исполнети условите за избор на Заменик директор на МРТ, поради што одлучи да не се изврши избор, а Конкурсот да се поништи и да се распише нов јавен конкурс за избор на Заменик директор на МРТ во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа одлука.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО;
- Архивата на МРТ.

Програмски совет на МРТ

Давор Пашоски
Претседател

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје

Изготвил: Е. К. Стојановска